Врз основа на член 82, став 7 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/04), министерот за култура донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видовите на конзерваторски истражувања кои се сметаат како неопходни за правилно определување и извршување на мерките на непосредна заштита за недвижните и движните добра заштитени според одредбите на Законот за заштита на културното наследство, видот и содржината на документацијата за тие истражувања методологијата на истражувањата кај одделни видови недвижно и движно културно наследство.

Член 2

Конзерваторските истражувања според целта и предметот на истражувањата можат да бидат, особено:

1. Истражувања за утврдување на автентичноста на добрата;
2. Истражувања за утврдување на староста односно хронолошката припадност на добрата;
3. Истражувања за утврдување на хемискиот состав и другите својства на употребените материјали и врзивни средства;
4. Истражувања за утврдување на применетата технологија и техника на изработка на добрата;
5. Истражувања за утврдување на микроклиматските услови и нивните влијанија врз состојбата на добрата;
6. Истражувања за утврдување на степенот на оштетеност на добрата и причините за тоа;
7. Истражувања за утврдување на потенцијалните опасности од нови деградации или други облици на загрозување на добрата;
8. Истражувања за утврдување на прифатливоста на новите материјали, технологии и техники на непосредна заштита на добрата;
9. Други истражувања поврзани со мерките на непосредната заштита, различни од археолошките, гео-механичките и слични истражувања.

Конзерваторските истражувања според местото и начинот на извршувањето можат да бидат:

1. Лабораториски истражувања;
2. Теренски истражувања;
3. Комбинирани истражувања.

Член 3

Конзерваторските истражувања можат да се организираат и реализираат:

1. Како самостојни тематски истражувања, во форма на:
   - посебен научен проект;
   - посебен проект од областа на заштитата на културното наследство.
2. Во рамките на одреден конзерваторски проект.
3. Како дел од научен или друг соодветен проект односно програма.

Со проектите од став 1 на овој член можат да бидат опфатени повеќе видови конзерваторски истражувања од член 2 на овој правилник.

Член 4

Секое конзерваторско истражување, без оглед на неговиот вид, како заокружен процес ги опфаќа следните последователни фази на работа:

1. Претходни работи;
2. Реализација на истражувањето;
3. Интерпретација на резултатите;
4. Публикување на истражувањето.

Претходни работи во смисла на став 1, точка 1 на овој член се подготвителни работи што се поврзани со исполнувањето на условите за добивање одобрение за вршење конзерваторски истражувања, особено: изработка на програма за конзерваторските истражувања, склучување на договорите во случаите утврдени со закон, обезбедување на другите докази со кои се потврдува исполнувањето на условите и други слични дејствија.

Член 5

Конзерваторските истражувања се вршат според програма за конзерваторски истражувања.

Програмата од став 1 на овој член може да се однесува на едно или повеќе заштитени добра, во зависност од видот и начинот на организирање на истражувањата.

Програмата од став 1 на овој член содржи:

1. Податоци за носителот и организацијата на истражувањата;
2. Предмет, вид и обем на истражувањата;
3. Цел на истражувањата и очекувани резултати;
4. Динамика на реализација на истражувањата;
5. Буџет на програмата;
6. Технички средства;
7. Документација.

Податоци за носителот и организацијата на конзерваторските истражувања во смисла на став 3 точка 1 на овој член се:

1. За носителот на истражувањата:

- целосен и скратен назив, седиште и адреса;
- основна дејност (назив и шифра);
- акт за регистрација (назив, број, датум и доносител на актот);
- одговорно лице (лично име и функција);
- лице за контакт (лично име и статус);
- референтни конзерваторски истражувања;
- други податоци според оценка на носителот на истражувањата.

2. За организацијата на истражувањата:

- формата на организирање во смисла на член 3 на овој правилник;
- истражувачки тим (назив, состав, задачи);
- раководител на истражувачкиот тим;
- партнерство во истражувањето, доколку во реализацијата е вклучен и друг правен субјект, врз основа на договор со носителот на истражувањата.

Во поглед на предметот, видот и обемот на конзерваторските истражувања во смисла на став 3 точка 2 на овој член се наведува:

1. За предметот на истражувањата, за секое добро одделно:

- основни податоци за идентификација на доброто;
- состојба во која се наоѓа доброто;
- истраженост на доброто односно претходни конзерваторски и други истражувања, со кус приказ на резултатите од тие истражувања;

- документираност на доброто (вид и обем на постојната документација, нејзин квалитет, достапност и сместеност на таа документација);
- конзерваторски и други претходни интервенции врз доброто.
2. За видот на истражувањата:
- идентификација на видот на истражувањата во смисла на член 2 на овој правилник;
- опис на методите што ќе се применат при истражувањето;
- компаративни податоци за исти или слични конзерваторски истражувања на други добра во земјата или странство.
3. За обемот на истражувањата:
- квантификација на анализите (вид и број);
- квантификација на снимањата (вид и број);
- квантификација на материјалот за анализа;
- квантификација на пробите;
- други податоци за идентификација на обемот на истражувањата.

Целта на конзерваторските истражувања и очекуваните резултати во смисла на став 3 точка 3 на овој член се наведуваат описно, со детални објаснувања за нивната основаност.

Динамиката на реализација на истражувањата во смисла на став 3 точка 4 на овој член се наведува описно или табеларно, во форма на динамички план за работа, со податоци за траењето на секоја фаза одделно и вкупно за целата програма за конзерваторските истражувања, вклучувајќи ги планираните прекини односно паузи во истражувањето.

Буџетот на програмата во смисла на став 3 точка 5 на овој член содржи податоци за:
1. Обезбедените финансиски средства (износ, извори и начин на обезбедување);
2. Финансиски план за истражувањето (намена и висина на средствата, по видови и места на трошоци и динамика на реализацијата на средствата).

Техничките средства во смисла на став 3 точка 6 на овој член се наведуваат со основни податоци за секое средство што е предвидено да се користи при истражувањата (вид, назив, количина, технички карактеристики и слично).

Документација во смисла на став 3, точка 7 на овој член е:
1. Фото-документација: карактеристични снимки за состојбата односно оштетеноста на доброто;
2. Техничка документација:
- за постојната состојба, со детален приказ на оштетувањата;
- шематски приказ на планираните истражувања (мерења, сонди, проби и слично).

Член 6

Конзерваторските истражувања се вршат тимски, од страна на еден или повеќе специјализирани истражувачки тимови, во зависност од видот на добрата и целта, видот и обемот на истражувањата.

Ако за конзерваторските истражувања се формираат два или повеќе специјализирани истражувачки тимови, координацијата на истражувањата ја врши координативен истражувачки тим.

Член 7

Конзерваторските истражувања се вршат со примена на конзерваторски, физички, хемиски, физичко-хемиски, био-хемиски и други соодветни методи, во зависност на видот на добрата и целта, видот и обемот на истражувањата.

Член 8

При реализацијата на конзерваторските истражувања се обезбедува особено:

1. Прибирање, средување и обработка на расположивите податоци и документација, релевантни за односните истражувања;

2. Увид во состојбата на доброто/добрата опфатени со програмата од член 5 на овој правилник;

3. Вршење на неопходните мерења, сондирања, проби и слични дејствија;

4. Правење на неопходните лабораториски анализи и испитувања;

5. Документирање на процесот на истражувањето;

6. Изработка на извештаи за конзерваторските истражувања.

Член 9

Документирањето на процесот на истражувањето во смисла на член 8 точка 5 на овој правилник се врши според потребите во зависност од видот на добрата и целта, видот и обемот на конзерваторските истражувања.

Документирањето во смисла на став 1 на овој член се врши со обезбедување односно изработка на дескриптивна, техничка, фото и друга соодветна документација.

Документацијата од став 2 на овој член по правило се однесува на:

1. Оштетувањата на добрата, со детален приказ односно прецизно одбележување на видот и обемот на оштетувањата;

2. Идентификацијата на добрата и материјалите од кои тие се направени, особено нивниот состав, својства и други особености;

3. Спроведените мерења, сондирања, проби, анализи и испитувања;

4. Добиените резултати од истражувањата.

Финалната документација за конзерваторските истражувања се изработува и се предава на надлежниот орган во електронски облик.

Член 10

За реализираните конзерваторски истражувања се изработува извештај во писмена форма.

Извештајот од став 1 на овој член содржи особено:

1. Податоци за носителот и организацијата на истражувањата;

2. Податоци за предметот, видот и обемот на спроведените истражувања, со приказ на применетите методи, мерења, сондирања, проби, лабораториски и други анализи и испитувања, како и други слични дејствија;

3. Преземените мерки на заштита за време на конзерваторските истражувања;

4. Образложение за евентуалните отстапувања од предвидените позиции во програмата од член 5 на овој правилник;

5. Избор од документацијата од член 9 на овој правилник со која се илустрира целиот процес на реализираното истражување и добиените резултати (фотографии, цртежи, табели, графикони, шеми и слично);

6. Финансиски извештај;

7. Заклучни согледувања за резултатите од истражувањата, односно наод и мислење;

8. Предлози и препораки.

Извештајот од став 1 на овој член се изработува од страна на раководителот на истражувањето, врз основа на поединечните извештаи на членовите на тимот.

Во случаите од член 6 став 2 на овој правилник се изработува збирен извештај, врз основа на посебните извештаи на специјализираните истражувачки тимови.

Поединечните и збирните извештаи се изработуваат според содржината од став 2 на овој член.

Поединечните извештаи се прилог на извештајот од став 1 на овој член.

Посебните извештаи се прилог на збирниот извештај од став 4 на овој член.

Примерок од извештајот од став 1, односно збирниот извештај од став 4 на овој член, на надлежниот орган му се предава заедно со електронскиот облик на тој извештај.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 30-7031/2
12 декември 2005 година
Скопје

Министер за култура,
**Благој Стефановски**, с.р.